# СООПШТЕНИЕ

Ги поттикнуваме македонските културни оператори и правни лица кои аплицираат на повиците на Креативна Европа во нивните проекти да вклучат и партнери од Украина.

Во согласност со приоритетите на ЕУ, Европската комисија одлучи да додели максимална флексибилност за проектите на Креативна Европа во кои се вклучени украински организации, а дел од буџетот за мобилност на уметниците да биде наменет за поддршка на украинските уметници.

На 4 и 5 април 2022 година, Генералниот директорат за образование, млади, спорт и култура на Европската Унија одржа состанок во Луксембург на кој беше дискутирано за ситуацијата во Украина и за мерките за помош на тамошната културна сцена.

На состанокот беше разгледана можноста за понатамошни заеднички акции за поддршка на културниот, креативниот и аудиовизуелниот сектор како одговор на кризата во Украина. Комесарката Марија Габриел информираше дека над 20 иницијативи се веќе започнати од земјите членки на ЕУ на платформата *Creatives Unite*.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk